МЕСЕЦ

# ЖЕТВАР

ЈУНИ

Пишува: **АЦО СТАНКОСКИ**

Како шести месец во годината, јуни загатнува едно суптилно мисловно патување, коешто почнува од питагорејското мистично акцептирање на броевите, кабалистичката интерактивна нумеричка мрежа - аналоген магиско прагматичен систем на просудување и на дејствување и, конечно, поглавието на откровението на **св. Јован** од Новиот завет - бројката 6, како број што го означува човека. Триплирана (соодветно на Светото Тројство), тоа е бројката на ѕверот. И самиот збор *Жетвар* содржи нешто антропоцентрично. Никој во природата не жнее освен "двоножецот без перја", како што цинично ќе биде наречено ова шизофрено суштество, овој "Храм Божји", овој спој на земјата и на небото - од страна на античките софисти кои потекнуваат од Југоисточна Европа. Јуни, пак, е општонаметната латинска варијанта (ах, тие Латини...) и доаѓа од паганското божество **Јунона** (**Хера** - елински), ќерката на **Сатурн и Реа**, сестрата на **Јупитер** (**Зевс**), возгордеана, завидлива, подмолна и одмаздољубива жена. Астрономски - тоа е мал планетоид што се наоѓа меѓу Марс и Јупитер, откриен 1804 година.

Јуни е делител на годишниот циклус, тој е кулминација на потентноста - јунец или млад бик (во вавилонската традиција еден од релевантните астролошки периоди и симболи). *Јуноша* или *Јункер,* всушност, е млад и милитантен офицер од времето на Кајзерот **Вилхелм Втори** - промотер на антисемитизмот и на политиката на ѕвецкање со оружјето. Јуни е ејакулативен месец, тоа е време на екстрема, време кога еден состав ја доживува својата највисока точка, по што следува своевиден колапс. Тоа е еден вид усвитување и експлозија. ЕКСПЛОЗИЈА!!! Таа стара експресивна фасцинација на човекот, сугестивна до степен на имплементација во самите хтонски структури на поимањето и во научно-дијалектичка и во религиозна смисла.

Од големиот троскот на Кант-Лапласовата хипотеза па наназад, до праисториското вџашено поклонение пред силата на громот, експлозијата е феномен што постојано го окупира вниманието на човекот, односно вниманието на најпотентните интелекти. Во времето кога виртуелните простори на колективната свест беа во голема мера антропоморфизирани, ингениозниот имитатор на природата - човекот - доби неподнослива желба да завладее со експлозијата, да биде подобен на своите идоли кои перчејќи се се плескаа со експлозии по небото, вешто затскриени зад облаците... А потоа дожд, празнење... конципирање на животот... ултимативно добро на веќе раширениот култ на плодноста.

Кога древните Кинези го открија барутот и станаа суверена воено-политичка сила во југоисточна Азија, Европејците конструираа катапулти, кои беа во состојба на противничката групација да ѝ "испорачаат" потпалена кожена мешина полна со запаливи смоли или петролеј, еден вид екскатапултиран Молотов коктел, што при приземјувањето се распрснува предизвикувајќи болка и паника во редовите на непријателот. Од друга страна, супериорноста на старата кинеска цивилизација што, меѓу другото, се должеше и на владеењето со моќта на контролираната експлозија, падна во некаков вид хибернација, што произлезе од непремостливите културни дискрапанци што Кинезите ги видоа во контактот со варварските соседи. Апатичноста на империјалните протагонисти во однос на натамошната експанзија ги воведе во повеќевековен аутизам, чијшто симболички артефакт е оној неверојатен ѕид - апсурден споменик на културната исклучивост и на расизмот... или пак обид за Pax mundi стратегија, гигантски градежнички напор за неколку столетија мир, сепарација што треба да воспостави поредок меѓу добрите и лошите, меѓу ѕверовите и луѓето, штит што разбојничките народи не можат да го пробијат со своите анахрони оружја. Сепак, еден ден Монголите успеаја, а нивниот **Кублај Кан** завладеа со царството на Кинезите. Со тек на времето, тие ќе бидат тормозени и од страна на британската империја (Опиумските војни, Боксерското востание) и од јапонската империја (окупацијата на Манџурија). Подоцна се изградени и други ѕидови, Мажино-линијата, Берлинскиот ѕид, како и оној што го градат Израелците (покрај Ѕидот на плачот), што треба да ги изолира палестинските луѓе-бомби и да ги спречи самоубиствените напади на одмаздољубивите жители на новонастанатата палестинска кафез-држава, во која, пак, сé пука од неподносливото количество инјектирани фрустрации, држејќи ги Палестинците понастрана од еврејските градови. Тврдењето дека ренесансата почнала со генијалните творци **Ѓото**, **Мазачо**, **Пјеро де ла Франческа**, **Џовани Белини**, **Данте**, **Петрарка** и **Бокачо** е елитистичко, исфорсирано од мала културолошка групација хуманистички пропагандисти, традиционално позиционирани во академските бастиони. Всушност, почетокот на ренесансата е предизвикан со колапсот на старите центри на моќ (падот на Византија) како последица на примената на новиот милитаристички инструмент - топот. Ова ново оружје до лудило ги фасцинираше тогашните претенденти за власт. Дури и некои ремек-дела на скулпторската уметност од тоа време, само поради тоа што беа направени од бронза, се деструирани и префабрикувани во топови и во ѓулиња (за рушење на ѕидовите на дискриминацијата). И во препораките за вработување (портфолиото) на **Леонардо да Винчи**, 95% од компетенциите му се посветени на военото и на стратегиското инженерство, а само бедни 5% на сликањето, цртањето и на другите уметнички способности.

Со помош на контролираните експлозии од страна на шпанските конквистадори беше уништено царството на предколумбиските американски култури... Всушност, се добива впечаток дека целата историја е исполнета со некакви експлозии, сé посилни и сé поразурнувачки - сé до атомските бомби (Проектот *Опенхајмер-Манхетн*), за првпат испробани врз веќе капитулираната Јапонија (Хирошима и Нагасаки). Две мали сончеви експлозии фрлени врз два мали света на успиени граѓани...

Пред нас, како вид, е долг еволутивен пат, една борба со стравотната гравитација на стихијското во нашиот колективен ум. Секако, доколку евентуалниот глобален конфликт (на цивилизациите, од **Нострадамус** до **Хантингтон**) не нé воведат во едно сосема ново време, во постатомскиот холокауст, кога можеби оние неколку проценти преживеани конечно ќе заборават на магичната привлечност на експлозијата и следниот конфликт ќе го решаваат со стапови (**Ајнштајн**). Или, пак, во морничавиот обид повторно да ја преземат планетата од измутираните инсекти и рептили. Таа борба ќе се пренесе на генитален план, во смисла на продуктивност, фертилитет, на задоволство на сите... кои веруваат во триумфот на човечки конципираната протоплазма.

149 (VII)



Ацо Станкоски, "Експлозија", масло на платно.